РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2016 година

# СОДРЖИНА

Резиме ....................................................................................................2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....................................................................................................3

Број на работници во индустријата ....................................................................................................4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....................................................................................................4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....................................................................................................4

Инфлација ....................................................................................................5

Берзански цени ....................................................................................................6

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....................................................................................................8

Увоз ....................................................................................................9

Салдо на трговска размена ....................................................................................................9

Валутна структура ....................................................................................................10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ....................................................................................................10

Буџетски расходи ....................................................................................................12

Буџетско салдо ....................................................................................................12

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....................................................................................................13

Плати ....................................................................................................14

Пензии ....................................................................................................14

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....................................................................................................14

Депозитен потенцијал ....................................................................................................15

Кредити на банките ....................................................................................................16

Каматни стапки на депозитни банки ....................................................................................................17

Пазар на капитал ....................................................................................................17

Девизни резерви ....................................................................................................17

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2016 година

- Индустриското производство во јануари 2016 година во споредба со јануари 2015 година забележа раст од 8,0%;

- Потрошувачките цени во јануари 2016 година се зголемија за 0,1% на годишна основа, по падот од 0,3% регистриран претходниот месец;

- Во јануари 2016 година извозот забележа пад од 2,4%, а увозот се намали за 3,3%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 6,7% споредено со истиот период минатата година;

- Во месец јануари 2016 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 12.923 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 22,8% во однос на истиот месец 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 14.611 милиони денари, што е повеќе за 14,8% во однос на јануари 2015 година.

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 8,6% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 4,3%.

## Индустриско производство

Во јануари 2016 година индустриското производство забележа раст од 8,0% во споредба со јануари 2015 година. Анализирано по сектори, раст е забележан во секторите: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 13,1% и Преработувачка индустрија од 6,4%, додека секторот Рударство и вадење на камен забележа пад од 2,7%.




Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство во јануари 2016 година има во гранката Преработка на дрво и производи од дрво и плута (4,4 п.п.), а најголем негативен придонес има во гранката Производство на облека (2,0 п.п.).



* Раст од над 100% е забележан во категоријата Преработка на дрво и производи од дрво и плута.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во јануари 2016 година во однос на јануари 2015 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Капитални производи од 29,8% и Енергија од 15,0%. Пад е забележан кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 20,6%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,0% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,1%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во јануари 2016 година забележа раст од 1,7%. Растот се должи на зголемениот број на работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,7%. Раст е забележан и во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,4%, додека бројот на работници во секторот Рударство и вадење камен остана непроменет.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2016 година во однос на истиот период минатата година покажуваат зголемување на бројот на работници кај групите: Капитални производи од 18,7%, Интермедијарни производи, освен енергија од 4,5% и Енергија од 2,8%, додека пад е забележан кај групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,0% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,8%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јануари 2016 година е поповолна во однос на декември 2015 година, а поповолна и во однос на истиот месец од претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јануари изнесува 64,5%, што во однос на претходниот месец, останува непроменето. Споредено со јануари 2015 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,6 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јануари 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 22,3%, недоволната домашна побарувачка со 21,4%, недостигот на квалификувана работна сила со 17,2%, неизвесното економско опкружување со 7,9%, финансиските проблеми со 7,2% и конкурентниот увоз со 6,8%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јануари во однос на декември 2015 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се дека ќе се зголеми, додека залихите на готови производи се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2016 година издадени се 263 одобренија за градење, што претставува зголемување од 11,4% во однос на истиот месец од претходната година. Во однос на декември 2015 година, кога биле издадени 336 одобренија за градење, бројот на

издадени одобренија за градење е намален за 21,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари 2016 година, во однос на јануари 2015 година е зголемена за 97,0%. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите бележи намалување од 36,0%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број на издадени одобренија за градење, 155 (или 58,9%) се наменети за објекти од високоградба, 42 (или 16,0%) за објекти од нискоградба и 66 (или 25,1%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 263 издадени одобренија за градба, на 151 (или 57,4%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 112 објекти (или 42,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Во јануари 2016 година предвидена е изградба на 319 станови, со вкупна корисна површина од 26.165 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на годишно ниво е намален за 16,7%, а на месечно ниво за 65,3%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јануари 2016 година се зголемија за 0,1% на годишна основа, по падот од 0,3% регистриран претходниот месец.




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во јануари забележа годишен пад на цените од 0,7%, главно како резултат на намалените цени во поткатегориите Зеленчук од 7,1% и Месо од 3,1%.

Годишен пад на цените во јануари е регистриран и во категориите Комуникации од 2,7%, Транспорт од 1,4% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,1%. Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Здравје од 4%, следена со порастот на цените во категориите Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 3,9%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,7%, Рекреација и култура од 3,3%, Ресторани и хотели од 1,7%, Останати стоки и услуги од 1,6% и Образование од 0,4%. Цените во категоријата Облека и обувки останаа непроменети.




Потрошувачките цени во јануари 2016 година се намалија за 0,2% во однос на претходниот месец.

Месечен пад на цените е регистриран во категориите: Облека и обувки од 1,8%, Транспорт од 1,2%, Останати стоки и услуги од 0,8%, Ресторани и хотели од 0,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,3%, Здравје од 0,2% и Рекреација и култура од 0,1%. Зголемување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,9%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,2% и Комуникации од 0,1%. Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во јануари 2016 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 0,2%, додека споредено со претходниот месец цените останаа непроменети.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јануари 2016 година забележа пад од 18,3% во однос на претходниот месец и изнесуваше 30,8 долари за барел. На годишно ниво, цената на нафтата се намали за 35,9%. Цената на природниот гас во јануари 2016 година, во однос на декември 2015 година, се зголеми за 0,9%.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во јануари 2016 година се тргуваше со просечна цена од 8.507 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува намалување на цената од 2,3% на месечна основа. Месечен пад на цените во јануари се забележува и кај останатите основни метали. Така, цената на калајот се намали за 6,0%, на бакарот за 3,6%, на оловото за 3,5%, на алуминиумот за 1,1% и на цинкот за 0,5%. Цената на железната руда во јануари 2016 година, во однос на претходниот месец бележи раст од 2,4%.




Во однос на благородните метали, цената на златото во јануари, во однос на декември 2015 година, се зголеми за 2,8%, на среброто за 0,1%, додека цената на платината се намали за 0,6%.

Анализирано на месечна основа, во јануари цената на пченката на светските берзи се намали за 1,8%, а цената на пченицата остана непроменета. Цената на јагнешкото месо во јануари 2016 година, во однос на претходниот месец забележа намалување од 3,8%.

# НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно-трговска размена во јануари 2016 година изнесува 638,3 милиони евра, што претставува пад од 2,9% во однос на истиот месец од минатата година.

Во јануари 2016 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 73,6%, што претставува зголемување од 2,1п.п. во однос на јануари претходната година.




## Извоз

Во јануари 2016 година  вредноста на извезените стоки изнесува 284,8 милиони евра и бележи пад од 2,4% (7,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 8,2%.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2016 година извозот бележи пад од 12,6% (41,0 милион евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 4,6%.




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во јануари  2016 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, пијалаци и тутун, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 50,0% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во јануари 2016 година споредено со истиот месец од 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан, Северноамериканска зона на



слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 3,0% на годишно ниво, додека кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 1,6%, при што извозот на стоки во Европската унија и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 84,5% и 8,8% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увозот во јануари 2016 година изнесува 353,6 милиони евра, што претставува намалување за 3,3% (12 милиони евра) во однос на истиот месец од 2015 година, а увезените количини на стоки се намалени за 20%.




Анализирано на месечно ниво, во јануари 2016 година увозот бележи пад од 34,1% (183 милиони евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 15,5%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2015 | I - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,8 | 4,0 | 0,2 | 5,7 |
| Мил. ЕУР | 1,9 | 1,6 | -0,4 | -18,7 |
| Мил.$ | 2,3 | 1,7 | -0,5 | -24,3 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2015 | I - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 66,4 | 64,9 | -1,5 | -2,3 |
| Мил. ЕУР | 24,5 | 18,5 | -6,1 | -24,7 |
| Мил.$ | 28,4 | 20,1 | -8,3 | -29,3 |

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2015 | I - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 2,5 | 0,8 | -1,7 | -66,8 |
| Мил. ЕУР | 53,2 | 58,5 | 5,2 | 9,8 |
| Мил.$ | 61,1 | 63,6 | 2,5 | 4,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2015 | I - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,6 | 1,5 | -0,2 | -10,6 |
| Мил. ЕУР | 4,1 | 9,5 | 5,4 | 133,2 |
| Мил.$ | 4,7 | 10,3 | 5,6 | 120,1 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2015 | I - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 37,7 | 39,8 | 2,1 | 5,4 |
| Мил. ЕУР | 44,9 | 25,9 | -19,0 | -42,3 |
| Мил.$ | 51,5 | 28,2 | -23,3 | -45,2 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2015 | I - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 41,9 | 49,4 | 7,5 | 17,9 |
| Мил. ЕУР | 19,2 | 17,3 | -1,9 | -10,0 |
| Мил.$ | 22,1 | 18,8 | -3,2 | -14,7 |

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2016 година трговскиот дефицит се стесни за 6,7% односно 4,9 милиони евра споредено со јануари минатата година. Анализирано по економска намена, стеснувањето на дефицитот е резултат на намалениот дефицит во размената со горива и мазива и храна и пијалаци, како и зголемувањето на суфицитот кај категориите транспортна опрема и стоки за инвестиции без транспортна опрема.

Во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, како и намалувањето на суфицитот кај категоријата стоки за широка потрошувачка.

Во јануари 2016 година 92,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Србија, Грција, Турција, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Белгија, Косово и Хрватска.




## Валутна структура

Гледано по валутна структура 84,7% од трговската размена во јануари 2016 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2015 година претставува зголемување од 3,0 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,0% и 78,7%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 8,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 1,4 п.п во однос на јануари 2015 година.

Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ

| увоз | I - 2015 | | | | | I - 2016 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 179,5 | 292.815.119 | 61,5004 | 18.008.246.940 | 80,1 | 179,3 | 278.296.710 | 61,6426 | 17.154.932.792 | 78,7 | -14.518.409 | -5,0 |
| УСД | 200,7 | 78.098.738 | 52,7445 | 4.119.278.885 | 18,3 | 124,5 | 77.414.125 | 56,7501 | 4.393.259.335 | 20,2 | -684.613 | -0,9 |
| ГБП | 0,5 | 1.200.168 | 80,1344 | 96.174.766 | 0,4 | 0,4 | 1.095.993 | 82,0439 | 89.919.552 | 0,4 | -104.175 | -8,7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 380,6 | | | 22.223.700.591 | 98,4 | 304,2 | | | 21.638.111.679 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 381,1 | | | 22.479.493.933 | 100,0 | 305,0 | | | 21.798.641.465 | 100,0 | | -3,0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи

Во месец јануари 2016 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 12.923 милиони денари, односно 2,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 22,8% во однос на истиот месец 2015 година.

Даночните приходи во месец јануари се реализирани во износ од 7.392 милиони денари, односно 1,2% од БДП и во однос на истиот месец од 2015 година се зголемени за 22,3%.




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 4.172 милиони денари, при што

учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 56,4%. Акцизите се остварени во износ од 1.448 милиони денари (учество од 19,6% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни даноци се остварени приходи од 5.620 милиони денари, односно 76,0% од вкупните даночни приходи (0,9% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 5.096 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 924 милиони денари.

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 2,6% додека ДДВ од прометот во земјата забележува зголемување од 19,1%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 84,8%. Набљудувано по одделни категории на даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 923 милиони денари и забележуваат раст од 2,0% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 66,2% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 5,3% од приходи по основ на договор на дело, 7,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 3,7% од приходи од капитал и 4,8% од приходи од имот и имотни права. Приходите од данокот од добивка во месец јануари 2015 година изнесуваа 486 милиони денари и забележаа пад од 1,0% во однос на истиот месец претходната година. Приходите од ДДВ забележаа зголемување од 35,7%, додека акцизите забележаа зголемено остварување за 16,0%. Приходите од царина беа остварени во износ од 312 милиони денари и забележаа зголемување од 24,8%. Приходите од други даноци со остварен износ од 51 милиони денари забележаа помало остварување за 32,0%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 888 милиони денари и во однос на истиот месец 2015 година забележаа раст од 14,4% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 935 милиони денари, што претставува зголемување за 9 пати (905,4%) во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 225 милиони денари, односно за 9,2% повеќе во однос на истиот месец лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 3.363 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,7% споредено со истиот месец од 2015 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,7%, кај придонесите за здравствено осигурување за 5,7% и кај придонесите за вработување за 5,1%.

## Буџетски расходи

Во месец јануари 2016 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 14.611 милиони денари, односно 2,5% од БДП, што е повеќе за 14,8% во однос на јануари 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 13.755 милиони денари се зголемени за 16,1% во однос на истиот период во 2015 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 9.766 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа зголемување од 19,0% споредено со истиот период во 2015 година и истите учествуваа со 66,8% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 5.133 милиони денари, се зголемија за 24,6%, споредено со истиот месец од 2015 година и учествуваат со 35,1% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 12,7%, односно забележаа зголемување од 10,3%, споредено со истиот период 2015 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 1.254 милиони денари забележаа зголемување од 1,5%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени повеќе за 45,0%.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 2.109 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот, изнесува 14,4% и во однос на 2015 година се зголемени за 6,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 1.131 милиони денари и споредено со истиот период од 2015 година забележаа зголемување од 21,4%.

Каматните расходи изнесуваат 749 милиони денари, што е повеќе за 3,0% во споредба со истиот период 2015 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 13,0%, додека од странско задолжување беа намалени за 0,4%.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 856 милиони денари со структурно учество од 5,9% во вкупните расходи, односно забележаа помала реализација за 3,7% во споредба со истиот месец лани.

### Буџетско салдо

Во месец јануари 2016 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 1.688 милиони денари, што претставува 0,3% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 895 милиони денари и претставува 0,2% од БДП.

# СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во јануари 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 11.277 нови засновани работни односи. Вкупниот број новoвработени во овој период е помал за 11,3% во однос на истиот период од 2015 година.




Од вкупниот број новoвработени, 47,1% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јануари 2016 година 23,7% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 212.821, од кои 116.601 се активни баратели на работа, а 96.220 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 5,1%.

Најголем дел од невработените лица (68,2%) се градско население, а 59,6% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,2% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,5% се со завршено средно образование, додека 15,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.




По возрасни групи, најголемиот дел или 53,6% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 51,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,0% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во декември 2015 година оствари годишен раст од 1,4%, а во однос на претходниот месец е повисока за 3,4%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (11,0%), Уметност, забава и рекреација (6,1%) и Информации и комуникации (5,8%). Реалните плати во декември забележаа годишен раст од 1,7%.




Просечната номинална бруто-плата во декември 2015 година оствари годишен раст од 1,7%, а во однос на претходниот месец таа е повисока за 3,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (11,2%), Уметност, забава и рекреација (6,5%), и Информации и комуникации (6,3%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 2,0%.




Процентот на вработени кои не примиле плата во декември 2015 година изнесува 1,3% и е повисок за 0,1 п.п. во однос на истиот месец од претходната година, како и во однос на ноември 2015 година.

## Пензии

Во јануари 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 298.887 пензионери, што претставува зголемување од 1,5% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 2.681 лице. Од вкупниот број пензионери, 60,7% се корисници на старосна пензија, 25,5% на семејна пензија и 13,8% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јануари 2016 година изнесува 13.076 денари и е за 5,1% зголемена во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,5%.

Просечната старосна пензија во јануари изнесува 14.459 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.801 денар, а просечната семејна пензија 10.439 денари. За исплата на пензиите во јануари 2016 година се потрошени 3.803,66 милиони денари, што претставува 48,4% од вкупните социјални трансфери.




# МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во јануари 2016 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во јануари 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 1,9% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 8,2%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа намалување од 3,6%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа пад од 0,6%, при пад на готовите пари во оптек од 5,6% и раст на вкупните ликвидни средства на банките од 4,9%.




## Депозитен потенцијал

Во јануари 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 1,6% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија забележаа раст од 6,3%, додека депозитите на домаќинствата регистрираа пад од 0,1%.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( јануари 2016 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **299628** | **-1,6%** | **4,3%** |
| Денари | *177630* | -2,3% | 5,1% |
| Странска валута | *121998* | -0,5% | 3,2% |
| Краткорочни | *147256* | -0,8% | -0,9% |
| Долгорочни | *81951* | 0,8% | 3,1% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **276219** | **-1,3%** | **8,6%** |
| Денари | *220771* | *-1,1%* | 11,3% |
| Странска валута | *55447* | -2% | -1,3% |
| Краткорочни | *62181* | -4,9% | 0,4% |
| Долгорочни | *181147* | -0,5 | 12,6% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *30133* | 1,4% | 4,2% |

Извор: НБРМ

Од аспект на валутата, во јануари 2016 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се намалија за по 2,3% и 0,5%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во јануари 2016 година оствари раст од 4,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше воден од депозитите во домашна валута, кои забележаа раст од 5,1%, а депозитите во странска валута се зголемија за 3,2%.




Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 3,6%, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 3,2%. Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се намалија 0,9%, додека долгорочните депозити се зголемија за 3,1%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,3%.

## Кредити на банките

Во јануари 2016 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа пад од 1,3% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека во јануари кредитите кон претпријатијата се намалија за 2,6%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,3%. Од аспект на валутата, во јануари 2016 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити се намалија за по 1,1% и 2%, соодветно.

На годишна основа, во јануари 2016 година вкупните кредити се зголемија за 8,6%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 5,4% и раст на кредитите

кон домаќинствата од 12,6%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,3%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 1,3%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 12,6%, а краткорочните кредити се повисоки за 0,4%.

## Каматни стапки на депозитни банки




Во јануари 2016 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,5% и е непроменета во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските кредити и девизните кредити на месечно ниво останаа непроменети и изнесуваат 6,8% и 5,7%, соодветно. Вкупната каматна стапка на депозитите во јануари изнесува 1,9% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,1 п.п. во споредба со минатиот месец и изнесува 2,5%, додека каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнесува 1,1%.

## Пазар на капитал




На пазарот на капитал, во јануари 2016 година вкупниот промет на берзата регистрираше намалување од 34,1% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од блок трансакциите од 86,4%, додека прометот од класичното тргување регистрираше зголемување од 7,9%.

Вкупниот промет на берзата во јануари 2016 година изнесуваше 245 милиони денари што претставува речиси двојно зголемување на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во декември 2015 година изнесуваше 1.834,08 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е непроменет (раст за 0,04%), додека во однос на истиот месец претходната година индексот е понизок за 2,2%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јануари 2016 година изнесуваа 2.246,9 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 14,9 милиони евра, додека во однос на јануари 2015 година се намалени за 236,8 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk